*Р Е П У Б Л И К А  М А К Е Д О Н И Ј А*
*МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА*

# *У П А Т С Т В О*
## *за измена и дополна на Упатството за финансиско сметководство во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија*

*-Скопје, декември 2013 година-*

Врз основа на одредбите на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), а во врска со член 7 став 1, алинеа 6 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија„ бр 90/2009) и член 16 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија“ бр 28/2003, 62/2006 и 8/2009), министерот за одбрана, донесе

# У П А Т С Т В О

за измена и дополна на Упатството за финансиско сметководство во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија

Точка 1

Во Упатството за финансиско сметководство во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија бр.02-4385/1 од 06.07.2011 година **точката 36 се менува и гласи:**

**“36. Влезната фактура или про-фактурата се доставува до Секторот за финансии со наредба за исплата согласно роковите пропишани во точка 43 до 45 од ова Упатство.”**

Точка 2

**Во точка 43**, после став 3, се додава нов став кој гласи:

**“Влезната фактура или про-фактурата со наредба за исплата и со пропратната документација се доставува до Секторот за финансии најдоцна во рок од 10 (десет) работни денови со што ќе се овозможи благовремена контрола, обработка во платниот промет и исплата во рокот за плаќање.”**

Точка 3

**Во точка 46**, во став 3, после зборовите “Секторот за финансии” се додаваат зборовите: **“најдоцна во рок од 10 (десет) работни денови од нејзиниот прием.”**

Точка 4

**Во точка 45 и 48**, зборовите “Г8 во ГШ на АРМ” се заменуваат со зборовите **“J8 во ГШ на АРМ.”**

Точка 5

Ова упатство влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 03-6598/1 — МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА

30.12.2013 година — m-r Talat Xhaferi

Изработено во: Сектор за финансии
Нормативно правно и
номотехнички усогласил: Митар Петковски
Одобрил: Спасоја Дамјаноски

О б р а з л о ж е н и е

Правен основ за донесување на Упатството за финансиско сметководство во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија бр.02-4385/1 од 06.07.2011 година е член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), а во врска со член 7 став 1, алинеа 6 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија„ бр 90/2009) и член 16 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија" бр 28/2003, 62/2006 и 8/2009).

Измената и дополната на Упатството се врши согласно укажаната потреба за утврдување на одредени рокови во обработката, доставувањето и исплатата на финансиските документи, а во врска со наодите и забелешките дадени од страна на Секторот за внатрешна ревизија, по извршување на ревизијата во текот на 2013 година согласно Планот за извршување на внатрешна ревизија за 2013 година.